# ЗИМСКИ САЛОН

19 19

# WINTER SALON

ДЛУМ

2022

# ЗИМСКИ САЛОН 2022

**Повторно поврзување**
**Обновување**
**Воздигнување**
**Реконструирање**

Во овој посебен момент од нашата понова историја во кој контекстот на пандемијата ги промени сите познати координати, културата ги сруши границите, ги обедини уметничките заедници и ја покажа својата клучна улога во закрепнувањето и обновата на општеството.

Зимскиот салон 2022, биенална изложба во организација на ДЛУМ - Друштво на ликовни уметници, најстарото уметничко друштво во Северна Македонија, ја продолжува традицијата на организирање обемен настан од современата уметност,значаен белег во националната и меѓународната културна меморија и предлага за ова издание визуелна анализа за тоа како уметноста ги обновува меѓучовечките врски и повторно го поврзува уметникот со општеството во време на криза.

Овогодинешниот изложбен настан ја претставува поврзаноста на различните полиња и техники на изразување, ги обединува уметници од сите генерации и развива неопходен дијалог меѓу младите луѓе и мајсторите, тргнувајќи од синтагмата Уметноста повторно го поврзува, обновува, воздигнува и реконструира // општеството.

Изложбата ја повикува јавноста да го анализира, открие и разбере актуелниот контекст преку уметноста, начинот на кој уметникот успева да ги надмине сите бариери и се отвора пред гледачот, остава да биде прочитан и разбран.

Во процесот на организирање и поставување на настанот тргнав од идејата да барам единство во различностите и се обидов да ги претставиме најавтентичните личности, уметнички идентитети, секој со своја тематика и кревкост и на тој начин да создадеме сложувалка која ја истакнува индивидуалноста во контекст на целината.

Парчињата од нашата сложувалка на почетокот изгледаа многу далечни, многу различни, но полека, полека се споија во едно цело визуелно сведоштво за начинот на кој уметниците го перципираа овој нетипичен период, за начинот на кој ги изразија своите впечатоци, размислувања, загуби и придобивки од овие две чудни години.

Изложбата носи пред јавноста 42 уметници од Северна Македонија кои бараа различни форми на визуелно изразување и успеаја да развијат сопствен уметнички пристап користејќи широк спектар на техники на работа, во кохерентен современ дискурс.

Ќе најдете низ поставката на Националната галерија серија на дела кои трасираат патеки од традиционалното фигуративно или апстрактно сликарство до делата од тип Ready Made,од цртеж на хартија до сошиен, врежан или исечен лим, од инсталациите, збирки спомени и предмети што не опкружуваат до скулптурата која не ја заборави убавината на металот и мермерот.

Проектите со импресивна големина се прикачени низ поставката на држачи со најмали димензии, исполнети со сензибилитет и порака.

Ја разбрав желбата на уметниците да откриваат нови форми на работа, да го претстават патот од традиционалното до модерното преку употреба на дигитални или мултимедијални техники,особено во приодот на актуелните општествени прашања, прашањата поврзани со еднаквоста и слободата на изразување.

На покана на организаторите, на изложбата вметнав мала романска уметничка ќелија,пет уметници кои цртаат во различни техники од класичен акварел до колаж,од зашиената линија до онаа што ја создава керамичката форма,сите овие исклучително лични уметнички потфати се надополнети со силната порака на видео филмот.

Преку зближувањето во изложбата на уметниците од двете земји, повторно открив заедничка концептуална линија и начин на работа, што прави романската уметност многу природно да се интегрира во контекст на биеналето.

Овој текст не е наменет да лансира уметнички оценки или критериуми, тој е всушност рентген на уметничкиот феномен и сака да им пренесе благодарност на сите уметници кои успеаа да одговорат на овој отворен повик,и во овие тешки времиња, и на организаторите бидејќи не се откажаа, го задржаа континуитетот на биеналето и активноста на здружението кое во 2021 година прослави 75-годишен јубилеј.

Анка Боериу
Скопје 2022



**Слободан Милошески**
„Ослободување на духот“
тех-инокс - 31x33.5x14см - 2021 год.

**Slobodan Miloshevski**
“Free the Spirit from The Shackles of Reality”
stainless steel - 31 x 33.5 x 14 cm - 2021




**Стефан Димовски** „Повторно заедно“
тех-комбинирана - 120x120см - 2022 год.

**Stefan Dimovski** “Together Again”
mixed techniques - 120 x 120 cm - 2022

ДЛУМ


| | |
|---|---|
| Издавач: | ДЛУМ |
| За издавачот: | Филип Фидановски – Претседател на ДЛУМ |
| Одговорен уредник: | Филип Фидановски – Претседател на ДЛУМ |
| Куратор и автор на воведен текст: | Анка Боериу |
| Превод: | Романска Амбасада |
| Реализација на изложба: | ДЛУМ |
| Координатор на проект: | Тана Маневска |
| Фотографија на дела: | Слободан Тошевски |
| Дизајн: | Урош Вељковиќ |
| Техничка служба: | Дејан Иванов – Маргуш |
| Печати: |Ројал Арт |
| Реализација: | ДЛУМ |
| февруари, | 2022 |
| Тираж: | 150 |

Изложбата е реализирана со финансиска поддршка од Министерство за култура

Република Северна Македонија

**Министерство за култура**

ng

BW Best Western Hotel Turist

**ЕМБАССS ОФ РОМАНИА**
**ТО ТХЕ РЕПУБЛИЦ ОФ НОРТХ МАЦЕДОНИА**

АМБАСАДА НА РОМАНИЈА
ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**АМБАСАДА РОМЁНИЕИ**
*ЩН РЕПУБЛИЦА МАЦЕДОНИА ДЕ НОРД*